**НОВО СРЦЕ**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 155. Дата: 17. 12. 2012.**

## Заблуда бр.7: *„Со текот на вековите, христијанското верување се заматило и не е можно да се знае кое е вистинското, христијанско верување!?“*



Отишол волкот на изворот и таму видел едно јагне како пие вода, а му се јадело младо јагнешко месо, па решил да си најде некаква закачка и изговор за својата постапка. Затоа му рекол на јагнето: „Зошто ми ја матиш водата, за да не пијам?“ Јагнето, пак, му одговорило: „Како можам да ти ја матам водата, волку, кога ти си погоре, а јас подолу?“
На тоа волкот му рекол:
„А, зошто лани му се смееше на татко ми?“
Јагнето одговорило: „Но, јас лани не сум ни било родено“.
Тогаш волкот се налутил и рекол: „Ти се правиш многу умно, а јас сум гладен и морам да те изедам“.
И така волкот си нашол изговор, за да се нагости со јагнето.

Можеби се прашувате „каква врска има приказнава, со прашањето за чистотата на христијанската вера?“ Па, слично како во неа, Бог ни дал еден „извор“ од кој можеме да ја црпиме вистината. Тој извор е Библијата. И секогаш кога пристапуваме директно при неа, можеме да бидеме сигурни дека тој „извор“ нуди незаматена и бистра/чиста вистина. Но, исто како и со волкот, луѓето си наоѓаат изговори, за да не ја прифатат вистината, па наоѓааат мани дека некој им ја мати водата и затоа не можат да пијат од „изворот“.

Затоа, по прашање на примедбата, дека денес (*после толку многу векови*) не може да се знае вистинското учење на христијанската вера, ќе ви дадеме два против аргументи:

**1. Библијата останала неизменета низ вековите и во неа ќе ја најдете чистата вистина.**
Иако некои цркви, со текот на вековите, попримиле некои небиблиски практики, тоа не е случај со Библијата. Ако го споредите денешниот текст на Библијата, со најраните, постоечки записи, ќе откриете дека текстот останал ист и непроменет.

Веројатно и таму ќе се сретнеш со работи кои на почеток нема да ти бидат јасни, но ако си со отворено срце, Божјиот Дух ќе те просветлува и ќе ти помага да разбереш. Важно е, она што го разбираш од Библијата, да го применуваш во твојот живот.

Еднаш го прашале писателот Марк Твен: „Зар не ве загрижуваат деловите од Библијата, кои не ги разбирате?“ Писателот му одговорил: „Мене повеќе ме загрижуваат оние делови од Библијата кои добро ги разбирам“.

**2. Иако има повеќе цркви, сите се согласуваат во основните христијански верувања.**
Сите три христијански цркви (католичката, протестантската и православната), покрај нивните разлики, се согласуваат дека ова се непроменливите христијански вистини:

Бог ги љуби луѓето и сака тие да бидат со Него во рајот; човекот е грешен и поради тоа е одвоен од Бог и заслужува вечна казна; Бог, преку Својот Син-Исус Христос, на крстот ја плати казната за нашиот грев; секој што верува во Синот Божји, ќе му бидат простени гревовите и ќе има живот вечен; оние кои го прифатиле Исус за свој Господ и Спасител и се нарекуваат христијани, се повикани да живеат свет и богоугоден живот; наскоро, Исус ќе се врати повторно и ќе стави крај на гревот.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**